TELLUR




# Безжичен паметен дифузер на арома

## Упатство за користење

INTO YOUR FUTURE

Дифузерот за арома користи ултразвучен механизам за да ги спои атомите на водата и есенцијалното масло во резервоарот и да создаде ладна, влажна, ароматна магла.






# НАЧИН НА РАБОТА

1.Поставете го дифузерот за арома во исправена положба и повлечете го нагоре капакот за да го извадите. (Фиг.1)
2.Приклучете го приклучокот за струја кон влезот за струја во основата на дифузерот (Фиг.2).
3.Истурете чиста вода и асенцијално масло во резервоарот за вода на дифузерот. НЕ ГО НАДМИНУВАЈТЕ обележаното МАКСИМАЛНО ниво на водата. ( Максимално 400мл). НЕ користете зовриена вода. Не го полнете резервоарот со вода додека дифузерот работи. Препорачливо е да ставите 2-3 капки етерично масло на 100мл вода. (Фиг.3).
4.Вратете го капакот назад врз дифузерот. НЕ го вклучувајте дифузерот додека не го наместите правилно капакот. (Фиг.4)
5. Приклучете го струјниот кабел во штекер.
6. За да го вклучите уредот, притиснете го бутонот MIST (Магла) и изберете време на работа ( 1ч -3ч – 6ч – постојано). Интензитетот на маглата може да се регулира со долго притискање на копчето MIST додека дава звучни сигнали ( еден бип – густа магла, два бипа – ретка магла. За да го исклучите уредот, притискајте го бутонот MIST преку целиот циклус: 1ч -3ч – 6ч – постојано – исклучено. (Фиг.5)
7.Притиснете го бутонот LIGHT (светло) за да го вклучите ЛЕД осветлувањето. Нивото на осветленост се регулира преку следниот циклус: сјајно -> затемнето-> исклучено. ( Фиг.6)
8. Доколку не го користите дифузерот за арома подолго време, истурете ја водата од резервоарот и внимавајте дифузерот да биде сув.



Fig1



Fig2



Fig3



Fig4



Fig5



Fig6

# ВНИМАНИЕ

• Количината и интензитетот на маглата која се произведува варира, но тоа е нормално и не треба да се смета за дефект .
• Варијациите се предизвикуваат од редица фактори како што се  типот на водата, влажност, температура и воздушната струја.
• Користете само 100% природни есенцијални масла. Масла со хемиски додатоци, додатоци за вкус или нечистотии можат да го повредат дифузерот.
• Пред да ставите ново масло, следете ја процедурата за чистење на дифузерот.

# ИНЦИДЕНТНО ИСТЕКУВАЊЕ

Доколку дифузерот биде турнат или превртен, ве молиме пратете ги овие чекори за да спречите оштетување.

1.Исклучете го уредот.
2.Истурете ја водата од резервоарот
3.Протресете добро за да се отцеди целата вода од дефузерот и оставете го надвор, на воздух за 24 часа за да се исуши природно.



# ОДРЖУВАЊЕ

По користење на уредот 5-6 пати или 3-5 дена, исчистете го следејќи ги овие чекори:

1. Исклучете го уредот од струја и извадете го капакот.
2. Истурете ја останата вода.
3. Додадете мала количина топол кујнски детергент за да го исчистите дифузерот. Користете сунгер и нежно избришете ја површината, а потоа користете сува крпа за да исушите.
4. За да избегнете навлегување на вода во излезот за воздух, проверете ја сликата подолу и истурете ја водата од дифузерот како што е прикажано на првата слика ( √ ). Не ја истурајте водата како што е прикажано на втората слика ( X ).
5. Не користете киселини или детергент за ензими, затоа што тие може да предизвикаат испуштање на отровен газ или да го оштетат дифузерот.

Забелешка: Ве молиме користете исклучиво благи детергенти за чистење на дифузерот.



# МЕРКИ ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Ве молиме прочитајте ги мерките за претпазливост за да избегнете оштетување на уредот.

•Не е дозволено сами да го менувате, расклопувате или поправате уредот.Ве молиме контатирајте ги увозникот или продавачот, доколку е потребна поправка.

•Не го вклучувајте уредот доколку резервоарот е празен.

• Не го допирајте делот за магла.

•Секогаш чистете го уредот внимателно чекорите за одржување за да избегнете оштетување на уредот.

• Од хигиенски причини по секое користење испразнете го резервоарот преку дренажниот отвор и избришете го со чиста сува крпа.

• Доколку се истури етерично масло, тоа може да доведе до корозија на површината на дифузерот. Избришете го веднаш маслото со мека крпа.

• За да го наполните резервоарот, користете чаша за мерење. Не го полнете резервоарот директно од чешма.

• Не дозволувајте маглата да паѓа директно врз мебел, облека, ѕидови и сл.

• Држете го дифузерот далеку од директна сончева светлина, извори на топлина, клими и фенови.

• Секогаш чувајте го дифузерот врз стабилна, рамна површина. Не го ставајте врз теписи, прекривачи и нестабилни површини.

• Чувајте го дифузерот далеку од електронска опрема како што се телевизиски и аудио уреди.

• По исклучување на уредот, причекајте 60 минути, за да се излади уредот пред да го вклучите повторно за да го ги заштитите деловите од оштетување.

• Не користете газирана вода.

• Никогаш не го преместувајте дифузерот додека работи.

• Не допирајте уредот или делови од него со мокри раце.

• Чувајте далеку од деца и домашни миленици. Не оставајте деца околу уредот без надзор. Со уредот не треба да ракуват деца или  луѓе кои немаат познавање или искуство како се работи со него.

•Доколку кабелот пуши или гори, исклучете го веднаш од струја.

# РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

| Доколку уредот не работи нормално, ве молиме прегледајте ја табелата подолу: | |
|---|---|
| **Дифузерот не се вклучува /исклучува** | • Дали има доволно вода во резервоарот?<br>Не-ве молиме додадете вода во резервоарот<br><br>• Дали кабелот за струја е поврзан правилно?<br>-Ве молиме, исклучете го струјниот кабел, проверете го добро и повторно |
| **Нема магла или количината на магла е голема** | • Нема доволно вода во резервоарот? Или има премногу вода?<br>Ве молиме подесете го нивото на водата во резервоарот согласно со упатството, односно најмногу 400мл вода.<br>Водата НЕ ТРЕБА да ја надминува линијата MAX.<br><br>•Нечистотии на основниот елемент на уредот?<br>Ве молиме проверети ги инструкциите за одржување - извадете и вратете наново за да може маглата да поминува без проблем.<br><br>• Капакот и внатрешниот капак не се правилно монтирани? Има нечистотии по влезот за воздух на долната страна на дифузерот?<br>Извадете и вратете наново капакот и внатрешниот капак правилно.<br>Доколку има премногу прашина во отворот за воздух, таа треба да биде ограничена. Исчистете го отворот за воздух. |
| **Истекување на вода од дифузерот** | • Капакот и внатрешниот капак не се правилно монтирани?<br>Извадете и вратете наново капакот и внатрешниот капак правилно.<br><br>• Ниски температури или висока влажност?<br>Во такви услови маглата може да кондензира побрзо во водени капки. |

# СПЕЦИФИКАЦИИ

**Напон:** AC100-240V / DC24V 650mA
**Капацитет:** 300мл
**Максимална снага:** 14W
**Ултразвучна фреквенција:** 2.4MHz
**Време на работа:** 6-10 часа
**Сила на испарување:** 40-50мл/ч
**Ниво на испарување:** силно или слабо
**Тајмер:** 1ч /3ч / 6ч / вклучено
**Осветлување:** ЛЕД во 7 бои
**Заштита во случај на ниско ниво на водата:** Атоматско исклучување
**Безжична фреквенција:** 2.4GHz
**Безжичен стандард:** IEEE 802.11 b/g/n
**Безбедност:** WPA-PSK/WPA2-PSK/WPA/WPA2/WEP/WPS2/WAP
**Тип на енкрипција:** WEP/TKIP/AES
**Компатибилност:** Мобилни уреди со верзија на Android 4.1 ( iOS 8 или понова)
**Содржина на пакувањето:** Безжичен паметен дифузер на арома, AC/DC адаптер
**Есенцијални масла:** не се влучени во пакетот
**Димензии на производот:** Д 169 X В 121мм
**Тежина:** 450гр.

## Информација за отстранување и рециклирање

Вкрстениот симбол на канта за отпадоци на вашиот продукт, батерија, документација и пакување ве потсетува дека сите електронски уреди и батерии треба да бидат исфрлени во посебни контејнери во крајот на нивниот работен век; тие не треба да бидат исфрлени со секојдневните отпадоци на домаќинствата. Одговорност на корисникот е да ја исфрли електронската опрема на специјално означено место или преку сервис за отстранување на отпадни електронска и електрична опрема (OEEO) и батерии во согласност со локалната легислатива. Правилното собирање и рециклирање на вашата опрема помага да се EEO отпадот да се рециклира на начин да се зачуват вредните материјали и да се заштитат човековото здравје и околината. Неправилно ракување, случајно истекување, оштетување и/или неправилно рециклирање во крајот на животниот век може да биде штетно по здравјето и околината.

Преземете ја и инсталирајте ја апликацијата **Tellur Smart** за уредите со iOS или Android.

Откако ќе ја преземете, апликацијата ќе побара од вас да го регистрирате уредот. Внесете го вашиот телефонски број или е-пошта и изберете ја земјата во која живеете.

Ако се регистрирате по телефонски број, ќе добиете текстуална порака со код за регистрација. Внесете го кодот за да ја завршите вашата регистрација.

Ако се регистрирате со е-пошта, креирајте лозинка за вашата сметка на Tellur Smart.






## Додавање на нов уред

• Вклучете го уредот кој треба да се поврзе и проверете дали сите светлосни индикатори трепкат брзо.
• Отворете ја апликацијата и притиснете “+” за да го додадете правилниот уред.
• Одберете ја безжичната мрежа и внесете ја нејзината лозинка.
• Откако апликацијата ќе ја прикаже конекцијата, тогаш можете да ја преименувате или да притиснете веднаш “done”.

• Еднаш споен со Tellur Smart апликацијата. ќе можете да го контролирате вашиот паметен уред.



**Интеграција со Alexa:**

1. Одете во менито Home на апликацијата Alexa.
2. Изберете "Skills" / "Skills & Games".




3.Напишете **Tellur Smart** во лентата за пребарување.



4. Изберете Tellur Smart и кликнете на " Enable " за да го активирате Tellur Smart.
5. Потоа треба да ги внесете вашата сметка и лозинка што сте ги регистрирале во Tellur Smart. Сега можете да го завршите поврзувањето со Alexa.
6. Вашата апликација (Brightfun) е поврзана со Alexa, и сега можете да контролирате кој било уред додаден во вашата апликација Tellur Smart. Запомнете дека ако го преименувате уредот што го додадовте, тоа мора да биде едноставно име кое Alexa може да го препознае.
7. Контролирајте ги паметните уреди преку Alexa. Сега можете да ги контролирате вашите паметни уреди преку Alexa. Например светлината во спалната соба, поддржаните говорни команди се подолу:
**"Alexa, turn off bedroom light"**
**"Alexa, turn on bedroom light"**
**"Alexa, dim bedroom light"**
**"Alexa, set bedroom light to red"**



### Не успеав да додадам уред?

1. Осигурајте се дека уредот е вклучен.
2. Проверете ја безжичната врска на вашиот телефон.
3. Проверете дали уредот е во режим на спарување. Ресетирајте го вашиот паметен уред за да влезете во режимот на спарување. Погледнете го делот "Како да го ресетирате уредот" подолу.
4. Проверете го рутерот:
Ако користите dual-band рутер, изберете ја мрежата 2.4GHz за да го додадете уредот. Исто така, треба да ја активирате функцијата за емитување на рутерот (broadcasting). Поставете метод за криптирање WPA2-PSK и типот на авторизација AES, или поставете ги двете на "auto".
5. Проверете дали сигналот на безжичната мрежа е доволно силен. За да го одржувате сигналот силен, чувајте ги рутерот и паметниот уред што е можно поблиску.
6. Безжичниот режим треба да биде 802.11.b / g / n
7. Осигурајте се дека не го надминувате максималниот број регистрирани уреди поддржани од апликацијата (150).
8. Проверете дали е овозможена функцијата за MAC filtering на рутерот. Ако е така, извадете го уредот од списокот на филтрирани адреси и проверете дали рутерот не ја забранува врската со уредот.
9. Проверете дали лозинката за безжичната мрежа внесена во апликацијата е точна.

### Режими за EZ и AP врска

Паметните уреди можат да се поврзат со помош на два режима: EZ и AP.
EZ претставува најлесниот начин за поврзување и овозможување на работа со паметен уред. Треба да имате уред, активна безжична мрежа преку лозинка за најавување и Tellur Smart APP апликација инсталирана на паметен телефон / таблет.
Режимот AP може да се користи за конфигурирање и овозможување на работа на паметен уред најпрво со паметниот телефон / таблетот, а подоцна со безжичната мрежа.

### Како да го ресетирате уредот?

Постапка за ресетирање на уреди со копче за ресетирање (продолжен кабел, дифузор за арома, приклучоци итн.) -> Долго притиснете го копчето за ресетирање за 5 секунди додека не се запали LED-индикаторот, што укажува на успешно ресетирање. Ако LED индикаторот трепка брзо (2 пати во секунда), уредот е влезен во EZ режим за спарување. Ако LED индикаторот трепка полека (еднаш на 3 секунди), уредот влезен во AP режим за спарување. Под EZ режимот, притиснете го копчето за ресетирање 5 секунди додека LED индикаторот започне да полека, покажувајќи го режимот AP (и обратно).
Постапка за ресетирање за уреди за осветлување -> Започнете со исклучување на светлата. Вклучете го светлото следејќи ги точните чекори: вклучување-исклучување (временскиот интервал помеѓу превклучувањата не треба да надминува 10 секунди). Кога светлата светаат, уредот е успешно ресетиран. Ако светлото не сети, повторете ги чекорите погоре. Кога светлата трепкаат брзо (4 пати / секунда), уредот е во EZ режим. Ако светлата трепкаат полека (2 пати / 3 секунди), уредот е во режим AP. Под EZ режимот, повторете ги чекорите погоре додека светлото не започне да се трепка бавно, покажувајќи дека уредот влегол во режим AP (и обратно).

**Како да додадете уред во EZ режим?**

1. Осигурајте се дека LED индикаторот / светлото трепка брзо.
2. Осигурајте се дека телефонот е поврзан со безжичната мрежа.
3. Притиснете „ Add device" во апликацијата Tellur Smart и внесете ја лозинката на безжичната мрежа.
4. Во списокот со уреди, изберете го уредот што сакате да го спарите и додадете го.

**Како да додадете уред во режим AP?**

1. Осигурајте се дека LED индикаторот / светлото трепка полека.
2. Притиснете „ Add device" во апликацијата Tellur Smart и од горниот десен агол изберете „AP режим". Поврзете се прво со hotspot-от на уредот и потоа продолжете да го поврзете со безжичната мрежата.
3. Притиснете „ Next" за да додадете уред.

**Може ли да контролирам уред преку мрежа 2G / 3G / 4G?**

Кога го додавате уредот за прв пат, уредот и телефонот треба да бидат поврзани на истата безжична мрежа. Откако уредот ќе биде успешно додаден во апликацијата Tellur Smart, можете далечински да го контролирате преку мрежи 2G / 3G / 4G.

**Како можам да го споделам мојот уред со семејството?**

Отворете ја апликацијата Tellur Smart, одете во „Profile" -> „ Device sharing" -> „ "Sharing sent ", притиснете на „ Add sharing" и споделете го уредот со додадените членови на семејството. Забележка - корисниците треба да ја инсталираат апликацијата Tellur Smart на нивниот уред за да ги видат споделените уреди.

**Како можам да управувам со уредите што ги споделуваат другите?**

Отворете ја апликацијата, одете во "Profile"> " Device sharing"> " Sharing received" каде што можете да ги видите уредите споделени со други. Повлечете лево за да ги избришете споделените уреди.

**Брзо упатство за користење на Google Home за контрола на паметни уреди.**

Пред да користите Google Home за да ги контролирате уредите, проверете дали ги исполнувате следниве услови: Имате Google Home уред или Android уред со Google Assistant. Ја имате најновата верзија на апликацијата „ Google Home". Ја имате најновата верзија на апликацијата Google (само за Android). Јазикот за приказ на уредот е поставен на англиски јазик US. Имате апликација Tellur Smart и поврзана сметка. Додадете уреди во Tellur Smart App (Погледнете во Упатство за апликација). Можете да го прескокнете овој дел ако веќе сте додале некои уреди на сметката на Tellur Smart, а во меѓувреме името на уредите лесно се препознава.

## Поврзување на сметка во Home Control

1.Одете на почетната страна Google и притиснете "+".







2. Притиснете „ Add new“, внесете го Tellur Smart во лентата за пребарување и изберете ја апликацијата од списокот. Следно, одберете го регионот на сметката на сметката Tellur Smart, внесете ја сметката и лозинката за Tellur Smart и допрете го "Link now ". Откако ќе назначите простории за уреди, вашите уреди ќе бидат наведени на страницата Home Control.






Сега можете да ги контролирате вашите паметни уреди преку Google Home. Например светлината во спалната соба, поддржаните говорни команди се подолу:

- **Ok Google, turn on/off bedroom light.**
- **Ok Google, set bedroom light to 50 percent.**
- **Ok Google, brighten bedroom light.**
- **Ok Google, dim bedroom light.**
- **Ok Google, set bedroom light to red.**




Сега можете да ги контролирате вашите паметни уреди преку Google Home. Например светлината во спалната соба, поддржаните говорни команди се подолу:

- **Ok Google, turn on/off bedroom light.**
- **Ok Google, set bedroom light to 50 percent.**
- **Ok Google, brighten bedroom light.**
- **Ok Google, dim bedroom light.**
- **Ok Google, set bedroom light to red.**